## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 21 став 4 од Законот за ѓубрија („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09 и 17/11) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР НА ЃУБРИЊАТА ВО РИНФУЗНА СОСТОЈБА (?)

(*) Со овој правилник се врши усогласување со Регулатива на Европскиот парламент и Совет 2003 /2003 од 13 октомври 2003 година која се однесува на вештачките ѓубрија со CELEX br. 32003R2003

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пласирање на пазар на ѓубрињата во ринфузна состојба.

### Член 2

Ѓубрија од сите типови и видови во ринфузна состојба се пласираат на пазарот, се пакуваат во контејнери од дрвена, пластична и метална амбалажа, а се транспортираат во вагони-кипери, или во обични превозни средства кои имаат соодветна опрема за утовар и истовар, како и опрема за заштита на губрето од атмосферските услови.

Течните ѓубрија се складираат во боксови со различна големина, изработени од хемиски отпорни материјали на течни ѓубрија (нерѓосувачки челик, алуминиум и пластика).

Во ринфузна состојба не треба да се пласираат на пазарот амониум–нитратни ѓубрија. Ѓубрето во ринфузна состојба може да се складира во магацини во форма на куп.

### Член 3

За пласирање на ринфузни ѓубрија на пазарот, големината на пакувањето на ѓубрињата за исхрана на растенијата во ринфузна состојба ја одредува произведувачот во договор помеѓу потрошувачот и производителот.

За квалитетот на пакуваното ѓубре во ринфузна состојба производителот одредува одговорно лице, кое гарантира за квалитетот на ѓубрето.

### Член 4

Произведувачот ѓубрето во ринфузна состојба го произведува по потреба на потрошувачот.

Ѓубрето треба да ги исполнува критериумите што се бараат од потрошувачот, и треба да бидат составен дел на декларацијата.

Декларацијата треба да содржи:

- тип на ѓубре;
- составот на ѓубре;
- име на производителот;
- дата на производство;
- трајност;
- начин на пакување;
- начин на транспорт и
- упатство за начин на чување на ѓубрето.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.17-318/5
октомври 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.